www.greenlead-project.eu

АПРИЛ 2026

# Билтен бр. 3

**Зајакнување на „зелени“ лидери за одржлива иднина**



## Обликување на идните „зелени“ лидери

### Опремување на мали и средни претпријатија со алатки за „зелена“ иднина

### Поттикнување зелена иновација во европските бизниси

### Иновативна едукација за позелена и конкурентна Европа

*Прочитајте повеќе на: www.greenlead-project.eu*

## Од учење до акција: Пилот фазата на GreanLead започнува

Како што проектот GreanLead влегува во нова фаза, се радуваме што можеме да ги споделиме клучните постигнувања кои се однесуваат на поддршка на мали и средни претпријатија (МСП) во нивната зелена транзиција преку иновативна едукација, дигитални алатки и практична примена.



**Приклучете се на пилот фазата на GreanLead - сега достапна за сите МСП (погледнете страница 3)**

Најважните работи од изминатите месеци:

## GreenLead програма и материјали за учење и обука на СПО

Конзорциумот на GreenLead проектот успешно подготви **сеопфатна тренинг програма за стручно образование и обука (СОО),** дизајнирана да изгради способности кои се бараат за **профилот на „Зелениот“ лидер** и **„зелените“ улоги во рамки на МСП.**

Тренингот, кој е развиен во **6 модули,** покрива важни зелени и дигитални способности и е достапен на **5 јазици:** Англиски, словенски, шпански, грчки и македонски.

Целосната содржина е **тестирана од стручни лица од МСП и СОО организации** во државите од каде доаѓаат партнерите. Тоа потврдува дека тренингот:

- Ги опфаќа реалните потреби на бизнисите
- Практичен и применлив
- Во согласност со европските стандарди




**6 модули | 5 јазици | За МСП | Практично**

**Погледнете ја обуката на платформата на GreenLead →**

Тековни активности:

## Стартување на Е-платформата за учење на GreenLead

Едно од главните постигнувања е развивање на е-платформата за учење на GreenLead која е достапна на англиски и на јазиците на партнерите за да може да се користи насекаде во Европа.

Платформата е бесплатно достапна преку регистрација која бара само основни информации за корисникот. Нуди „онлајн“ курсеви кои се развиени од проектните партнери. Обуката е дизајнирана за да биде флексибилна, практична и лесно пристапна за МСП и даватели на СОО услуги.

Платформата вклучува:

- Целосна интеграција на содржина и алатки за обуки кои овозможуваат непречено учење во рамки на GreenLead екосистемот
- „Онлајн“ модел за сертифицирање што овозможува признание и потврда на учењето и капацитетите на корсниците.




## Пилот спроведување – Придружете се!

Од април 2026 GreenLead го „лансира“ пилот спроведувањето во сите партнерски држави.

Опфат на пилотирањето:

- Ќе се одберат најмалку 10 МСП по држава
- Најмалку 5 вработени по МСП ќе земат учество
- Очекуван импакт: 250+ обучени професионалци

Активности во пилотирањето се:

1. Воведна сесија
2. „Онлајн“ тренинг модули
3. Учење на работното место преку платформата.

**Дали сте заинтересирани за да учествувате?**
**Ги поттикнуваме сите МСП да учествуваат активно!**

Ова е одлична можност за:

- Градење на внатрешните „зелени“ капацитети
- Тестирање на иновативни тренинг алатки
- Придонес кон обликување на идни решенија за поддршка на МСП

Контактирајте не’ преку електронската адреса на нашиот партнер:
**ecologic.mk@gmail.com**

**Истражи ја платформата на GreenLead**

## ШТО Е СЛЕДНО?

- **Прибирање повратна информација за да се зајакне искуството при учењето и употребата**
- **Развивање на GreenLead пакет алатки** на 5 јазици. Пакетот ќе вклучи доказ и увид во активностите во пилотирањето, препораки за политики на ниво на ЕУ и на национално ниво и дополнителни ресурси за СОО обучувачи и МСП.
- **Настани што ќе следат:** Во септември 2026 GreenLead ќе организира **национални настани за подигнување на свеста** во Грција, Шпанија, Северна Македонија и Словенија. Овие настани ќе ги преставаат резултатите од проектот, ќе споделат позитивни практики и ќе поврзат МСП, обучувачи и носители на одлуки. **Следете ги нашите канали на социјалните мрежи за новости и детали за регистрација!**

## Зошто „зелениот“ лидер е важен за едно МСП?

- Промовира **одржливи практики** во рамки на компанијата
- Ги подобрува **ресурсите и енергетската ефикасност**
- Поддржува усогласување со **стандардите и политиките за животната средина**
- Ги зајакнува **цврстината и конкурентноста** на МСП во „зелената“ економија

## Зошто GreenLead обуката е важна МСП?

- **Практични способности и алатки за** спроведување на одржливи стратегии и поддршка на зелената транизиција
- Зајакнато разбирање за еколошките, општествени и управувачки стандарди (ЕСГ), циркуларна економија и дигитални алатки за подобро **носење на одлуки и лидерство.**
- Подобрена **конкурентност и подготвеност** за исполнување на тековните критериуми на ЕУ за одржливост

**Follow us:**

Cámara Teruel · eco LOGIC · AKMH THE LEADER IN EDUCATION · MEDNARODNA PODIPLOMSKA ŠOLA JOŽEFA STEFANA · MMIV · POLITEKNIKA TXORIERRI · Innovation Hive

**Контактирајте не’ :**
GREENLEAD
Erasmus+ project
greenleadproject@gmail.com

GREENLEAD

Co-funded by the European Union

Финансирано од Европската Унија. Сепак, ставовите и мислењата искажани тука се само на авторот(ите) и не нужно ги одразуваат ставовите на Европската Унија или Европската извршна агенција за образование и култура (ЕАЦЕА). Ниту Европската Унија, ниту ЕАЦЕА можат да бидат одговорни за истите.